Прехрамбена индустрија
„ВИТАМИНКА“ А.Д.
Бр. 02-1015/2
Прилеп, 15.06. 2017 год.

Врз основа на чл. 384 од ЗТД и чл. 97 и 98 од Статутот на П.И. „Витаминка“ а.д. Прилеп, Собранието на акционери на П.И. „Витаминка“ а.д. Прилеп, на седницата одржана на ден 15.06.2017 год. донесе:

# О Д Л У К А

**за усвојување на годишната сметка на П.И.„Витаминка“ а.д. Прилеп за деловната 2016 год.**

**Член 1**

Се усвојува годишната сметка на П.И. „Витаминка“ а.д. Прилеп, за деловната 2016 год., според следните биланси:

1. Биланс на состојба на ден 31.12.2016 год.
2. Биланс на успех од 01.01.2016 год. до 31.12.2016 год.

**Член 2**

Во билансот на состојба на ден 31.12.2016 година е искажана следната билансна состојба:

1. Актива 1.428.658.061,00 ден.
2. Пасива 1.428.658.061,00 ден.

**Член 3**

Во билансот на успех за периодот од 01.01.2016 год. до 31.12.2016 год., се искажани следните состојби:

| | |
|---|---|
| 1. Приходи | 1.761.269.839,00 ден. |
| 2. Расходи | 1.740.990.104,00 ден. |
| 3. Добивка пред оданочување | 20.279.735,00 ден. |
| 4. Данок на добивка | 2.195.560,00 ден. |
| 5. Добивка по оданочување | 18.084.175,00 ден. |

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Претседавач на Собрание на акционери,

Прехрамбена индустрија акционерско друштво „ВИТАМИНКА“ 1 ПРИЛЕП

Прехранбена индустрија
„ВИТАМИНКА“ А.Д.
Бр. 02-1015/3
Прилеп, 15.06. 2017 год.

Врз основа на чл. 384 од ЗТД и чл. 97 и 98 од Статутот на П.И. „Витаминка“ а.д. Прилеп, Собранието на акционери на П.И. „Витаминка“ а.д. Прилеп, на седницата одржана на ден 15.06.2017 год. донесе:

# О Д Л У К А

**за усвојување на финансиските извештаи на П.И. „Витаминка“ а.д. Прилеп за 2016 год.**

**Член 1**

Се усвојуваат финансиските извештаи на П.И. „Витаминка“ а.д. Прилеп, изготвени во согласност со Меѓународните стандарди за финансиското известување за годината која завршува на 31.12.2016 год., ревидирани од страна на ревизорското друштво "Grant Thornton" ДОО Скопје.

**Член 2**

Финансиските извештаи за 2016 год. придружени со објаснувачките белешки се составен дел на оваа одлука.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Претседавач на Собрание на акционери,

Прехранбена индустрија акционерско друштво „ВИТАМИНКА“ 1 ПРИЛЕП

_______________________

Прехранбена индустрија
„ВИТАМИНКА“ А.Д.
Бр. 02-1015/4
Прилеп, 15.06. 2017 год.

Врз основа на чл. 384 од ЗТД и чл. 97 и 98 од Статутот на П.И. „Витаминка“ а.д. Прилеп, Собранието на акционери на П.И. „Витаминка“ а.д. Прилеп, на седницата одржана на ден 15.06.2017 год. донесе:

# О Д Л У К А

**за усвојувањето на Годишниот извештај за работењето на П.И. „Витаминка“ а.д. Прилеп во периодот јануари-декември 2016 год.**

**Член 1**

Се усвојува Годишниот извештај за работењето на П.И. „Витаминка“ а.д. Прилеп во периодот јануари-декември 2016 год.

**Член 2**

Составен дел на оваа одлука е Годишниот извештај за работењето на П.И. „Витаминка“ а.д. Прилеп во периодот јануари-декември 2016 год.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Претседавач на Собрание на акционери,

Прехранбена индустрија акционерско друштво „ВИТАМИНКА“ 1 ПРИЛЕП

Врз основа на чл. 384 од ЗТД и чл. 97 и 98 од Статутот на П.И. „Витаминка" а.д. Прилеп, годишното Собранието на акционери на П.И. „Витаминка" а.д. Прилеп, на седницата одржана на ден 15.06.2017 год. донесе:

# ОДЛУКА

**за усвојување на консолидираната годишна сметка**
**и консолидираните финансиски извештаи за 2016 год.**

**Член 1**

Се усвојува консолидираната годишна сметка на П.И. „Витаминка" а.д. Прилеп, за деловната 2016 год., според следните биланси:

1. Биланс на состојба на ден 31.12.2016 год.
2. Биланс на успех од 01.01.2016 год. до 31.12.2016 год.

**Член 2**

Во билансот на состојба на ден 31.12.2016 година е искажана следната билансна состојба:

1. Актива 1.369.833.023,00 ден.
2. Пасива 1.369.833.023,00 ден.

**Член 3**

Се усвојува Консолидираната годишна сметка и консолидираните финансиски извештаи на „Витаминка" а.д. Прилеп за 2016 год. со следните остварени финансиски резултати:

| | | |
|---|---|---|
| - | Вкупно консолидирани приходи.......... | 1.816.815.041,00 |
| - | Вкупно консолидирани расходи.......... | 1.811.034.333,00 |
| - | Консолидирана добивка од редовното работење пред оданочување................. | 5.780.708,00 |
| - | Данок на добивка.................................. | 2.208.134,00 |
| - | Консолидирана добивка од редовното работење по оданочување.................... | 3.572.574,00 |

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Претседавач на Собрание на акционери,

Прехрамбена индустрија - акционерско друштво „ВИТАМИНКА" 1 ПРИЛЕП

Прехранбена индустрија
„ВИТАМИНКА“ А.Д.
Бр. 02-1015/6
Прилеп, 15.06.2017 год.

Врз основа на чл. 384 и 478 од ЗТД и чл. 97 и 98 од Статутот на П.И. „Витаминка“ а.д. Прилеп, Собранието на акционери на П.И. „Витаминка“ а.д. Прилеп, на седницата одржана на ден 15.06.2017 год. донесе:

# ОДЛУКА

**за усвојување на ревизорските извештаи за 2016 год.**

**Член 1**

Се усвојуваат Извештајот на ревизорската куќа "Grant Thornton" ДОО Скопје за поединечните финансиски извештаи на П.И. „Витаминка“ а.д. Прилеп за 2016 год. и Извештајот на ревизорската куќа "Grant Thornton" д.о.о. Скопје за консолидираните финансиски извештаи на П.И.„Витаминка“ а.д. Прилеп за 2016 год.

**Член 2**

Прилог и составен дел на оваа одлука се: Извештајот на ревизорската куќа "Grant Thornton" д.о.о. Скопје за поединечните финансиски извештаи на П.И. „Витаминка“ а.д. Прилеп за 2016 год. и Извештајот на ревизорската куќа "Grant Thornton" д.о.о. Скопје за консолидираните финансиски извештаи на П.И.„Витаминка“ а.д. Прилеп за 2016 год.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Претседавач на Собрание на акционери,

Прехранбена индустрија акционерско друштво „ВИТАМИНКА“ 1 ПРИЛЕП

Прехранбена индустрија
„ВИТАМИНКА" А.Д.
Бр 02-1015/7
Прилеп, 15.06.2017 год.

Врз основа на членовите 384 став 2 точка 2 и 483 од ЗТД и членовите 98 и 169 од Статутот на П.И. „Витаминка" а.д. Прилеп, Собранието на акционери на П.И. „Витаминка" а.д. Прилеп, на седницата одржана на ден 01.06.2016 год. донесе:

# О Д Л У К А

**за употреба на добивката за годината (добивка по оданочување)**
**според годишната сметка на П.И.„Витаминка" а.д. Прилеп од 2016 год.**

**Член 1**

Остварената добивка од редовно работење по оданочување во П.И.„Витаминка" а.д. Прилеп по годишната сметка за 2016 год. изнесува: ........................................................ 18.084.175,00 ден.

**Член 2**

Добивката се распределува во резерви за инвестициски вложувања .. 18.084.175,00 ден.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Претседавач на Собрание на акционери,

Прехранбена индустрија - акционерско друштво „ВИТАМИНКА" ПРИЛЕП

Прехранбена индустрија
„ВИТАМИНКА“ А.Д.
Бр. 02-1015/8
Прилеп, 15.06. 2017 год.

Врз основа на чл. 384 од ЗТД и чл. 98 од Статутот на П.И. „Витаминка“ а.д. Прилеп, Собранието на акционери на П.И. „Витаминка“ а.д. Прилеп, на седницата одржана на ден 15.06.2017 год. донесе:

# ОДЛУКА

**за одобрување на работата на членовите на Одборот на директори на П.И.„Витаминка“ а.д. Прилеп во 2016 год.**

**Член 1**

Се одобрува работата на членовите на Одборот на директори на П.И.„Витаминка“ а.д. Прилеп, во 2016 год.:

- Симон Наумоски, неизвршен член, Претседател на О.Д.
- Сашо Наумоски, извршен член, Генерален извршен директор
- Благоја Ѓорѓијовски, неизвршен член
- Ѓорѓи Манчески, независен неизвршен член
- Сашко Самарџиоски, независен неизвршен член

**Член 2**

Одобрувањето на работата на членовите на Одборот на директори на П.И.„Витаминка“ а.д. Прилеп во 2016 година се изврши со поединечно гласање за секој член и врз основа на усвоената Годишна сметка за работењето за 2016 година, Извештаите кон годишната сметка и Годишниот извештај за работата на друштвото во 2016 година.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Претседавач на Собрание на акционери,

Прехранбена индустрија - акционерско друштво „ВИТАМИНКА“ 1 ПРИЛЕП

Прехранбена индустрија
„ВИТАМИНКА“ А.Д.
Бр. 02-1015/9
Прилеп, 15.06. 2017 год.

Врз основа на чловите 384 и 415-в од ЗТД и член 98 од Статутот на П.И. „Витаминка“ а.д. Прилеп, Собранието на акционери на П.И. „Витаминка“ а.д. Прилеп, на седницата одржана на ден 15.06.2017 год. донесе:

# О Д Л У К А

**за усвојување на Годишниот извештај за работата на Службата за внатрешна ревизија во 2016 год.**

**Член 1**

Се усвојува Годишниот извештај за работата на Службата за внатрешна ревизија за 2016 год. на П.И.„Витаминка“ а.д. Прилеп бр. 20-206/1 од 07.02.2017 год.

**Член 2**

Составен дел на одлуката е Годишниот извештај на Службата за внатрешна ревизија за 2015 год. на П.И.„Витаминка“ а.д. Прилеп бр. 20-206/1 од 07.02.2017 год.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Претседавач на Собрание на акционери,

Прехранбена индустрија - акционерско друштво „ВИТАМИНКА“ 1 ПРИЛЕП

Прехранбена индустрија
„ВИТАМИНКА“ А.Д.
Бр. 02-1015/10
Прилеп, 15.06.2017 год.

Врз основа на членовите 384 и 479 од ЗТД и членовите 97 и 98 од Статутот на П.И. „Витаминка“ а.д. Прилеп, Собранието на акционери на П.И. „Витаминка“ а.д. Прилеп, на седницата одржана на ден 15.06.2017 год. донесе:

# О Д Л У К А

**за избор на ревизорска куќа за ревизија на годишната сметка и на финансиските извештаи на П.И.„Витаминка“ а.д. Прилеп за 2017 год.**

**Член 1**

За ревизија на годишната сметка и на финансиските извештаи на П.И.„Витаминка“ а.д. Прилеп, за годината што завршува на 31.12.2017 год., согласно Меѓународните сметководствени стандарди, се избира овластената ревизорска куќа "Grant Thornton" д.о.о. Скопје.

**Член 2**

Се овластува Генералниот извршен директор да склучи договор со Друштвото за ревизија од членот 1 на оваа одлука во кој ќе бидат регулирани правата, обврските и одговорностите помеѓу корисникот и давателот на услугите.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Претседавач на Собрание на акционери,

Прехранбена индустрија - акционерско друштво „ВИТАМИНКА“ 1 ПРИЛЕП

Прехранбена индустрија
„ВИТАМИНКА“ А.Д.
Бр. 02 - 1015/11
Прилеп, 15.06. 2017 год.

Врз основа на член 365 од Законот за трговските друштва и член 79 од Статутот на П.И.„Витаминка“ АД Прилеп (арх.бр. 02-1267/17 од 01.06.2016 год. - пречистен текст) Собранието на акционери на П.И. „Витаминка“ а.д. Прилеп, на седницата одржана на ден 15.06.2017 год. донесе:

# ОДЛУКА

**за измена на Одлуката на Акционерско Собрание бр. 02-1267/14 од 01.06.2016 год.**

**Член 1**

Членот 6 од Одлуката на Акционерско Собрание (бр. 02-1267/14 од 01.06.2016 год.) се менува и гласи:

„Член 6

Методологијата определена во членовите 3 и 4 од оваа одлука, ќе започне да се применува од 01.01.2019 година.

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.“

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

Претседавач на Собрание на акционери,

Прехранбена индустрија - акционерско друштво „ВИТАМИНКА“ 1 ПРИЛЕП

Прехранбена индустрија
„ВИТАМИНКА“ А.Д.
Бр. 02 - 1015/12
Прилеп, 15.06. 2017 год.

Врз основа на член 333 став 1 од Законот за трговските друштва (Службен весник на Р.М. бр. 28/2004 ... 61/2016) и член 38 став 1 од Статутот на П.И.„Витаминка“ а.д. Прилеп (арх.бр. арх.бр. 02-1267/17 од 01.06.2016 год. - пречистен текст), Собранието на акционери на П.И.„Витаминка“ А.Д. Прилеп, на седницата одржана на ден 15.06.2017 година, ја донесе следната:

# О Д Л У К А

**за стекнување сопствени акции со откуп**

**Член 1**

Да се изврши стекнување на сопствени акции со откуп до една десеттина од основната главнина на друштвото.

Номиналниот износ на стекнатите акции со откуп не смее да надмине една десеттина од основната главнина на друштвото.

Стекнувањето на сопствени акции со откуп да се изврши преку правно лице овластено за вршење брокерски работи.

**Член 2**

Времето во кое треба да се изврши стекнување сопствени акции со откуп изнесува најдолго 12 /дванаесет/ месеца од денот на донесувањето на оваа одлука.

**Член 3**

Минималната противвредност којашто може да се плати за стекнувањето на сопствените акции со откуп изнесува 6.000,00 денари.

Максималната противвредност којашто може да се плати за стекнувањето на сопствените акции со откуп изнесува 9.000,00 денари.

Со стекнувањето на сопствените акции не смее да се намали имотот на друштвото под износот на основната главнина и резервите коишто се определени со закон и со статутот на друштвото и коишто не смеат да се користат за исплата на акционерите.

Стекнувањето на сопствените акции со откуп да се изврши од резервниот фонд за оваа намена.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Претседавач на Собрание на акционери,

Прехранбена индустрија акционерско друштво „ВИТАМИНКА“ 1 ПРИЛЕП